АГЕНЦИЈА ЗА ПОШ...
Бр. 01-246/6
27.11. 2023 год
СКОПЈЕ

# Годишна програма за работа на Агенцијата за пошти за 2024 година

Ноември, 2023 година

Кеј "13 Ноември", ГТЦ кат2, зграда 4, влез 1 локал 2, П.фах 160, 1000 Скопје

++389 2 3 212 107

info@ap.mk

www.ap.mk

©Агенција за пошти Скопје

*При користење на податоци од документите, извештаите, публикациите на Агенцијата за пошти, потребно е да се цитира изворот.*

# СОДРЖИНА

**Предговор на Претседателот на Комисијата на Агенција за пошти**

**Извршно резиме на директорката на Агенција за пошти**

**Вовед** .......... 2

**Наша мисија и визија** .......... 3

**Наши цели за 2024 година** .......... 4

**Регулаторни активности** .......... 4

1. **Универзална услуга** .......... 7

2. **Одржлив развој и анализа на пазарот на поштенските услуги и зајакнување на конкуренцијата на пазарот на поштенските услуги** .......... 9

3. **Заштита на корисници и даватели на поштенски услуги** .......... 15

4. **Зајакнување на надзорните и контролните механизми** .......... 16

5. **Јакнење на институционалните капацитети на Агенцијата** .......... 18

6. **Транспарентност и соработка** .......... 22

7. **Финансиски План на Агенцијата за пошти за 2024 година** .......... 32

## Предговор од Претседателот на Комисијата

*Годишната Програма за работа на Агенцијата за пошти за 2024 година претставува основа за реализирање на идните активности кои ќе придонесат во зголемување на ефикасноста и ефективноста во работењето на институцијата и унапредување на пазарот на поштенските услуги во Република Северна Македонија.*

*Искрена благодарност до директорката Билјана Аврамоска Ѓореска, членовите на Комисијата на Агенција и вработените во Стручната служба на Агенцијата за нивната посветеност и работа при изготвување на програмските активности.*

**Претседател на Комисија на Агенција за пошти**

**Борче Груевски**

## Извршно резиме на директорката

*Со задоволство Ви ја претставувам Годишната програма за работа на Агенцијата за пошти за 2024 година, како документ во кој се зацртани целите кои ние како регулатор на пазарот на поштенските услуги треба да ги реализираме преку низа на активности, иницијативи и предлози.*

*Годишната програма за работа на Агенцијата за пошти за 2024 година ги следи основните принципи и постулати на Стратешкиот план на Агенцијата за пошти за период 2022 – 2024 година и претставува операционализација и имплементација на стратешките цели утврдени во стратешкиот документ за наредната година.*

**Директорка**

**м-р Билјана Аврамоска Ѓореска**

# Вовед

Агенцијата за пошти (во натамошниот текст:Агенцијата) претставува независно регулаторно тело од областа на поштенските услуги кое врши функции на регулирање на пазарот на поштенските услуги.

Согласно член 16 став 1 алинеја 8 од Законот за поштенските услуги[1] и член 13 став 1 точка 3 од Статутот на Агенцијата за пошти, Комисијата на Агенцијата за пошти ја усвојува Годишната Програма за работа на Агенцијата за пошти за наредната година, на предлог на директорот.

Агенцијата за пошти има законска обврска секоја година до основачот - Собранието на Република Северна Македонија да достави Годишна програма за работа во точно утврдени рокови во тековната за наредната календарска година. За реализација на планираните активности потребна е Одлука за одобрување на Програмата, која Собранието на Република Северна Македонија ја донесува непосредно пред започнување на календарската година на која се однесува истата. Во Годишната програма за работа на Агенцијата за пошти за 2024 година (во натамошниот текст: Годишна Програма) се утврдуваат мерките и активностите кои ги имплементира Агенцијата во насока на уредување на својата работа, како и иницијативите кои ги превзема со цел развој и унапредување на пазарот на поштенските услуги во Република Северна Македонија.

Агенцијата во 2024 година интензивно ќе превзема и активности за конкретно спроведување на Стратешкиот план на Агенцијата за пошти за период 2022 – 2024 година[2], поради што нашите постулати ќе бидат:

- Воспоставување на објективен, фер, транспарентен и конкурентен пазар на поштенските услуги;
- Навремена заштита на корисниците и давателите на поштенски услуги;
- Следење на квалитетот на услугите преку користењето на нова технологија од страна на давателите на поштенски услуги во насока на имплементацијата на Зелениот договор на Европската Унија преку активности за подигнување на свеста и одговорноста за заштита на животната средина и кај давателите на поштенски услуги, и

[1] („Службен весник на Република Македонија„ бр. 158/2010, 27/2014, 42/2014, 187/2014, 146/2015, 31/2016, 190/2016, 64/2018, 248/2018, 27/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија„ бр. 275/2019, 150/2021 и 227/2022)

[2] https://ap.mk/mk/strateshki-plan

- Зајакнување на човечките капацитети и експертизата и аналитичките способности на вработените.

## Успешната реализација на Годишната програма ќе подразбира:

- **Прво,** целосна имплементација на законските надлежности согласно домашната регулатива и меѓународните прописи и зајакнување на надзорните и контролните механизми над давателите на поштенски услуги, со цел проверка на усогласеноста на нивното работење со Законот и подзаконските акти во насока на постигнување на конкурентност и висок пазарен интегритет;

- **Второ**, искористување на средствата дефинирани во Финансискиот план за 2024 година заради задржување на професионален и мотивиран персонал, постигнување на висок степен на знаење, ангажирање на нов стручен кадар, како и зајакнување на ИТ потенцијалот,

- **Трето,** зајакнување на соработката со сите заинтересирани чинители во насока на унапредување на домашната и меѓународната соработка заради постигнување на висок степен на стручност при носење на регулаторни одлуки, со цел постигнување одржлив пазар на поштенските услуги со перспектива за развој и раст.

## Наша мисија и визија

**Мисијата**
на Агенцијата е обезбедување транспарентност и одговорност во својата работа и воспоставување на силен и ефикасен систем за квалитетно обезбедување на поштенските услуги со целосна либерализација на пазарот.

**Визијата**
на Агенцијата е одржување на динамичен и конкурентен пазар кој овозможува пристап за сите корисници до конкурентни и квалитетни производи и услуги. Нашата визија е креирање на поштенски пазар со иновативна, кориснички ориентирана и ефикасна поштенска мрежа во која давателите на поштенски услуги нудат услуги кои одговараат на социјалните и технолошките промени и се во релација со потребите на корисниците.

# Наши цели за 2024 година

Остварувајќи ја својата мисија и имајќи ја предвид визијата, Агенцијата во наредната година ќе се стреми за остварување на следните цели:

1. Осигурување на обезбедување на универзална услуга;
2. Одржлив развој и анализа на пазарот на поштенските услуги и зајакнување на конкуренцијата на пазарот на поштенските услуги;
3. Заштита на давателите и на корисниците на поштенските услуги;
4. Зајакнување на надзорните и контролните механизми;
5. Јакнење на институционалните капацитети на Агенцијата,
6. Транспарентност и соработка.

## Регулаторни активности

Еден од основните приоритети на Агенцијата е унапредување на регулаторната рамка за пазарот на поштенските услуги, како и усогласувањето на домашната со европската регулатива во областа на поштенските услуги со што ќе се придонесе за одржување на регулиран, стабилен и конкурентен пазар на поштенски услуги, со зајакната улога и регулаторни капацитети на институцијата. Агенцијата ќе превзема низа регулаторни мерки и активности кои ќе произлезат од новите законски решенија и соодветна измена на подзаконските акти.

**Цел:** Усогласување на домашната со европската поштенска легислатива

- **Подготовка и донесување на подзаконска регулатива** - Во 2024 година, во зависност од времето на усвојување на новиот Закон за поштенските услуги, Агенцијата ќе започне фаза на подготовка, изработка и усвојување на целокупната подзаконска регулатива заради практична имплементација на законските одредби. Дополнително, во рамки на веќе превземените рокови и активности ќе се продолжи процесот на донесување на преостанатите правилници кои се произлезени од анализите во изминатиот период.

  **Период на реализација:** Во текот на целата година

**Носител**: Сите директорати во Стручната служба на Агенцијата

- **Правилник за начинот на обезбедување на транспарентност во работењето на Агенцијата за пошти и за начинот на објавување на податоците поврзани со работењето на давателите на поштенски услуги** - Во насока на соодветно операционализирање на начелото на транспарентност и негово одржливо, континуирано практикување низ работењето на Агенцијата, ќе се направат соодветни измени во Правилникот за начинот на обезбедување на транспарентност во работењето на Агенцијата и за начинот на објавување на податоците поврзани со работењето на давателите на поштенски услуги. Измените ќе бидат усогласени со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и Законот за користење на податоци од јавниот сектор.
  **Период на реализација**: Прв квартал од 2024 година
  **Носител:** Директорат за координација на работата на директорот и на Комисијата на Агенција за пошти

- **Правилник за барањата на квалитетот на услугите опфатени со универзалната услуга, параметрите за квалитет и нивно мерење** - Во 2024 година ќе се продолжи со дефинирање на новиот Правилник за квалитетот на услугите опфатени со универзалната услуга, параметрите за квалитет и нивното мерење. Оваа активност ќе биде тесно поврзана со донесениот нов Правилник за критериумите за пристап до универзалната услуга, со утврдување на подрачјата на единиците на мрежата, на растојание меѓу поштенските единици и број на поштенски сандачиња, од причина што променетите критериуми за точките за пристап, како и работно време на единиците ќе има влијание и на дефинирање на критериумите за квалитет. Во Правилникот ќе се дефинираат новите стандарди за остварување на квалитет на обезбедување на услугите согласно видот на услугите кои давателот на универзалната услуга ги обезбедува.
  **Период на реализација**: Втор квартал од 2024 година
  **Носител**: Директорат за следење и анализа на пазарот

- **Изработка на Бела книга за поштенските услуги во Република Северна Македонија** - Во 2024 година Агенцијата ќе изработи Бела книга за состојбата на македонскиот поштенски пазар, која треба да

претставува осврт на целокупната актуелна состојба на пазарот на поштенските услуги во Република Северна Македонија.

**Период на реализација**: Четврт квартал од 2024 година

**Носител**: Директорат за координација на работата на директорот и на Комисијата на Агенција за пошти, во соработка со сите Директорати во Стручната служба на Агенцијата и ангажиран/и надворешен/ни експерт/и

- **Национална Програма за усвојување на европското законодавство (НПАА)** - Учество во подготовката и имплементацијата на Националната програма за усвојување на европското законодавство и во работните групи формирани за оваа цел со цел утврдување на краткорочните и среднорочните приоритети за развој на пазарот на поштенските услуги.

  **Период на реализација**: Во текот на целата година

  **Носител:** Директорат за следење и анализа на пазарот во соработка со Директорат за координација на работата на директорот и на Комисијата на Агенција за пошти

- **Учество на Агенцијата во претпристапните преговори**- Во рамки на веќе започнатите претпристапни преговори за членство на нашата држава во Европската унија, Агенцијата преку своите вработени кои непосредно се вклучени во преговарачките активности со институциите - носители на Поглавјата ќе биде учесник во работните групи за подготовка на преговарачките позиции за преговорите во Поглавјето 8. Политика на конкуренцијата и Поглавјето 3. Право на основање и слобода на давање услуги, за област 3.3 Поштенски услуги, кој се дел од класерот 2 - Внатрешен пазар.

  **Период на реализација**: Во текот на целата година

  **Носител:** Директорат за следење и анализа на пазарот во соработка со Директорат за координација на работата на директорот и на Комисијата на Агенција за пошти

- **Иницијатива за подготовка на Стратегија за развој на поштенските услуги за период 2025 – 2030 година** - Во 2024 година Агенцијата ќе иницира активности за изработка на нов стратешки документ – Стратегија за развој на поштенските услуги за период 2025 – 2030 година, за да ги утврди насоките на дејствување на поштенскиот сектор во

следните пет години. Во таа насока, Агенцијата ќе иницира до Министерството за транспорт и врски формирање на работна група за изработка на Стратегијата, подготвителни активности и одржување состаноци со сите релевантни субјекти во поштенската област.
**Период на реализација**: Во текот на целата година
**Носител:** Директорат за координација на работата на директорот и на Комисијата на Агенција за пошти во соработка со сите Директорати во Стручната служба на Агенцијата

Во насока на максимизирање на правната сигурност на пазарот на поштенските услуги, Агенцијата ќе продолжи со праксата да дава стручни мислења/совети за примена на Законот и подзаконските акти на сите субјекти за полесно да го остварат свое право или правен интерес на било кој од сегментите на пазарот на поштенските услуги од нејзина надлежност.

! ! *Правните мислења на Агенцијата не значат автентично толкување на законот, но во голема мерка го олеснуваат разбирањето на законот во неговото применување.*

- **Изготвување документи, одлуки, решенија, тужби, одговори на тужби, жалби, одговори на жалби** – Во 2024 година, Агенцијата ќе продолжи со постапување во управни постапки од нејзина надлежност, следење на доброволното извршување и постапки за присилна наплата, како и со постапките за бришење од службената евиденција на даватели на поштенски услуги. Во одредени постапки за правното застапување и подготовката на правни акти ќе се користат и адвокатски услуги.
  **Период на реализација**: Во текот на целата година
  **Носител**: Директорат за регулатива, лиценцирање и правни работи

## 1. Универзална услуга

Осигурувањето на обезбедување на универзалната услуга останува во нашиот фокус за наредната година, поради што нашите активности ќе се насочат кон следење на исполнување на обврските согласно Законот и подзаконските акти, што меѓу другото подразбира и проверка на индивидуалната дозвола на давателот на универзалната услуга.

**Цел:** Универзалната услуга да се обезбедува на целата територија на Република Северна Македонија, постојано, со утврден квалитет и по пристапни цени за сите корисници.

**Специфични цели:**

1.1. **Следење на степенот на усогласеност на давателот на универзалната услуга со обврските за обезбедување на универзалната услуга** - Агенцијата континуирано и во наредната година ќе ја практикува една од своите клучни надлежности, следејќи ја работата на давателот на универзалната услуга, при обезбедувањето на универзалната услуга и степенот на имплементација на сите зададени обврски.
**Период на реализација**: Во текот на целата година
**Носител**: Директорат за поштенски мрежи и меѓународна соработка во соработка со Директорат за следење и анализа на пазарот и Директорат за регулатива, лиценцирање и правни работи

1.2. **Следење на состојбата и промените во поштенската мрежа** - Агенцијата во 2024 година, во насока на стандардизација и модернизација на поштенската мрежа на давателот на универзалната услуга ќе продолжи да ги следи промените во поштенската мрежа и навремено ќе ги информира корисниците на поштенски услуги. Во тој контекст ќе следат активности за прераспределба на точките за пристап, односно реорганизација на постојната мрежа од страна на давателот на универзалната услуга, која треба да биде дефинирана и одобрена од страна на Агенцијата.
**Период на реализација**: Во текот на целата година
**Носител**: Директорат за поштенски мрежи и меѓународна соработка

1.3. **Мерење на квалитетот на обезбедување на универзалната поштенската услуга во внатрешен поштенски сообраќај и во меѓународен поштенски сообраќај** - Во Правилникот за техничките барања за квалитетот на универзалната поштенска услуга, параметри за мерење на квалитетот, како и потребни минимални услови за остварениот квалитет, давателот на универзалната услуга е должен постојано да врши мерење на квалитетот на обезбедување на универзалната услуга во внатрешен поштенски сообраќај и во меѓународен поштенски сообраќај и податоците кои се однесуваат на параметрите за квалитет да ги достават до Агенцијата најдоцна до 31 март во

тековната година за претходната година. Агенцијата за пошти во наредната година ќе ги пропише барањата за квалитет на услугите опфатени со универзалната услуга, параметрите за квалитет и нивното мерење, согласно утврдените CEN стандарди за мерење на квалитетот на универзалната услуга.

**Период на реализација**: Прв квартал од 2024 година

**Носител**: Директорат за следење и анализа на пазарот во соработка со сите Директорати во Стручната служба на Агенцијата

1.4. **Следење и контрола на процесот на воведување на систем на посебно сметководство и алокација на трошоците и приходите на давателот на универзалната услуга** - Воведувањето на овој систем е законска обврска на давателот на универзалната услуга и зависи од неговата подготвеност за воведување на сите мерки и процедури кои се основа за системот за посебно сметководство. Во таа насока, Агенцијата во 2024 година ќе продолжи со изработка на анализи и извештаи врз основа на моментално расположливите податоци за трошоците и приходите на давателот на универзалната услуга, и во случај доколку давателот на универзалната услуга би доставил предлог - систем, Агенцијата ќе ангажира надворешна и независна ревизорска компанија која ќе треба да изврши ревизија на усогласеноста на предложениот систем за посебно сметководство со законските барања.

**Период на реализација**: Во зависност од исполнување на законската обврска на давателот на универзалната услуга за воведување на системот на посебно сметководство

**Носител:** Директорат за финансии, сметководство и економски прашања од поштенската област

## 2. Одржлив развој и анализа на пазарот на поштенските услуги и зајакнување на конкуренцијата на пазарот на поштенските услуги

Поддржувањето на развојот на одржлив и реален пазар на поштенските услуги претставува еден од приоритетите на Агенцијата и во остварување на нашиот приоритет и цел ќе соработуваме со сите чинители на поштенскиот пазар. кои го поттикнуваат развојот на поштенскиот сектор.

**Цел:** Зголемена транспарентност на податоците и зголемен квалитет на поштенските услуги коишто им се достапни на корисниците на поштенски услуги, со поголема разновидност и зголемена понуда на

поштенските услуги, промовирање инвестиции и зајакнување на конкурентноста, афирмација на работата на давателите на поштенски услуги

2.1. **Лиценцирање** - Агенцијата континуирано ќе постапува во административни постапки за оценка на исполнување на условите за добивање на Општо овластување за обезбедување поштенски услуги на апликантите - правни субјекти, како и за промена и престанок со обезбедување поштенски услуги. Врз основа на спроведените постапки ќе се изготват анализи од аспект на лиценцирањето и влез на поштенскиот пазар.

**Период на реализација:** Во текот на целата година

**Носител**: Директорат за регулатива, лиценцирање и правни работи

2.2. **Подготовка и изработка на Анализа на состојбата на пазарот на поштенските услуги за период 2019 - 2024 година** - Со цел да се утврдат состојбите на пазарот на поштенските услуги, Агенцијата во 2024 ќе изработи Анализа на состојбата на пазарот на поштенските услуги за изминатите 5 години, во која ќе бидат вклучени и резултатите од следењето на давателот на универзалната услуга и спроведената јавна расправа.

**Период на реализација:** Четврт квартал од 2024 година

**Носител:** Директорат за следење и анализа на пазарот и Директорат за регулатива, лиценцирање и правни работи

2.3. **Подготовка и изработка на Анализа на состојбата на пазарот на поштенските услуги во 2023 година** - Во рамки на досега воспоставената пракса, Агенцијата ќе продолжи со изработка на Анализа/Статистички извештај која се однесува на работењето на давателите на поштенски услуги. Имено, анализата која ќе даде преглед на работењето на пазарот на поштенските услуги, претставува значаен придонес за креирање на реални регулаторни политики. Анализата по изготвувањето на транспарентен начин ќе се презентира на јавен состанок пред сите заинтересираните страни и ќе се објави на веб страницата на Агенцијата.

**Период на реализација:** Втор квартал од 2024 година

**Носител:** Директорат за следење и анализа на пазарот

**2.4. Подготовка и изработка на полугодишни анализи** - Агенцијата ќе продолжи со изработка на полугодишни анализи кои се однесуваат на работењето на давателите на поштенски услуги на пазарот на поштенските услуги. Полугодишните анализи кои даваат преглед на состојбата на пазарот на поштенските услуги се значаен придонес кон транспарентноста на Агенцијата и кон обезбедување на податоци за пошироката јавност за работењето на поштенскиот сектор , односно на сите даватели на поштенски услуги.

**Период на реализација**: Прв и трет квартал од 2024 година

**Носител:** Директорат за следење и анализа на пазарот

**2.5. Изработка на Прирачник за давателите на поштенски услуги со законските обврски за известување** - Во 2024 година, Агенцијата континуирано ќе ја мониторира и анализира транспарентноста на давателите на поштенски услуги во насока на исполнување на нивните обврски согласно Законот и подзаконските акти, во делот на усогласеноста на Општите услови за обезбедување на поштенски услуги со Законот, како и за настанатите промени за кои давателите за кои се должни да ја известат Агенцијата во утврден законски рок. Во рамките на оваа активност, притоа имајќи ја во предвид законската регулатива ќе се изработи „Прирачник за давателите на поштенски услуги со законските обврски за известување“.

**Период на реализација**: Прв квартал од 2024 година

**Носител:** Директорат за заштита на правата на корисници и односи со јавноста во соработка со Директорат за регулатива, лиценцирање и правни работи и Директорат за следење и анализа на пазарот

**2.6. Афирмација на работата на давателите на поштенски услуги** – Агенцијата и во 2024 година ќе презема активности за афирмација на работата на давателите на поштенски услуги и поштенските работници со доделување на признанија и благодарници, со цел доближување на поштенската работа на пошироката јавност преку презентирање на добрите практики и примери на успешно работење.

**Период на реализација:** Втор квартал од 2024 година

**Носител:** Директорат за заштита на правата на корисници и односи со јавноста и Директорат за координација на работата на директорот и на Комисијата на Агенција за пошти

**2.7. Одржување на тематски состаноци, работилници, тркалезни маси** - Агенцијата и во 2024 година ќе ја продолжи комуникацијата со давателите на поштенски услуги преку одржување на тематски редовни состаноци, работилници и тркалезни маси со цел запознавање со измените и дополнувањата на законската, подзаконската регулатива, Регулативата за меѓународна достава на пакети 2018 – 614 *(од која произлегуваат обврски за давателите во насока на доставување податоци согласно нови обрасци)* и регулаторните мерки кои имаат влијание врз нивната секојдневна работа, како и за други прашања од интерес за работата на конкуренцијата во поштенскиот сектор.

**Период на реализација:** Во текот на целата година

**Носител**: Директорат за координација на работата на директорот и на Комисијата на Агенција за пошти во соработка со сите Директорати во Стручната служба на Агенцијата

**2.8. Припојување на деловните потфати т.е. концентрација на пазарот на поштенските услуги** - Агенцијата во текот на 2024 година ќе продолжи да ги следи и да ги анализира ефектите од припојување на деловните потфати врз развојот на конкуренцијата.Агенцијата во рамките на своите надлежности ќе превзема мерки и активности кои ќе бидат во насока на спречување на значително нарушување или ограничување на ефективната конкуренција на поштенскиот пазар, или на негов суштински дел, како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците во процесот на концентрација.

**Период на реализација**: Во текот на целата година

**Носител**: Директорат за регулатива, лиценцирање и правни работи

**2.9. Едукација на давателите на поштенски услуги и апликантите за добивање на Општо овластување за обезбедување на поштенски услуги** - Агенцијата ќе продолжи со едукација на давателите на поштенски услуги и апликантите за добивање на Општо овластување за обезбедување поштенски услуги, во насока на подобро запознавање и позиционирање на пазарот на поштенските услуги. Едукацијата на постоечките и потенцијалните даватели на поштенски услуги треба да овозможи развој на пазарот на поштенските услуги, негово збогатување со нови услуги и интеграција на европскиот пазар.

**Период на реализација:** Во текот на целата година

**Носител:** Директорат за регулатива, лиценцирање и правни работи во соработка со сите Директорати во Стручната служба на Агенцијата

2.10. **Изработка на Прирачник за Општите услови за работа на давателите на поштенски услуги** – Агенцијата има законска обврска да ги пропише Општите услови за обезбедување поштенски услуги, условите за прием, пренос и сортирање и дистрибуција на поштенските услуги, постапките за рекламации и други услови поврзани со обезбедувањето. Во таа насока, со цел да го олесни „влезот на поштенскиот пазар„ на апликантитите ќе изработи „**Прирачник за Општите услови за работа на давателите на поштенски услуги**“ со **образец.**

**Период на реализација**: Прв квартал од 2024 година

**Носител:** Директорат за регулатива, лиценцирање и правни работи

2.11. **Истражувањето на потребите на корисниците на поштенските услуги** - е активност која се спроведува секоја година, преку кое се добиваат сознанија за тоа дали потребите на корисниците на поштенски услуги се во сооднос со услугите кои ги нудат давателите на поштенски услуги и тоа во поглед на достапност, цена, квалитет, прием и достава, опфат и слично.

**Период на реализација**: Четврт квартал од 2024 година

**Носител:** Директорат за следење и анализа на пазарот и Директорат за заштита на правата на корисници и односи со јавноста






## 2.12. Либерализација на пазарот на поштенските услуги во Република Северна Македонија

*Согласно процесот на усогласување на домашната регулатива со европското законодавство, во рамки на активностите за започнување на претпристапни преговори на Република Северна Македонија со Европската унија се очекува укинување на резервираните поштенски услуги од 1 јануари 2024 година. Со цел искористување на целосниот потенцијал на пазарот на поштенските услуги,* ***отворањето на пазарот за конкуренција со укинувањето на резервираните поштенски услуги*** *е соодветна мерка која ќе придонесе и за диверзификација на портфолиото на давателот на универзална услуга и ќе го прошири изборот на услуги за крајните корисници со позначителна вклученост на давателите во доставата на писмата, истовремено отворајќи ги можностите за прифаќање и имплементација на современите дигитални услуги во поштенскиот сектор.*

*Од 01.01.2024 година со укинувањето на ексклузивно право на давателот на универзална услуга да обезбедува резервирани поштенски услуги ќе биде направено и последното усогласување со Третата поштенска директива. Со тоа ќе се реализираат долгогодишните заложби на Агенцијата за целосното отворање на поштенскиот пазар за конкуренција односно исполнување на препораката за „завршување на целосната либерализација на поштенскиот пазар“.*

**Период на реализација**: 01.01.2024 година

## 3. Заштита на корисници и даватели на поштенски услуги

Ефикасна и ефективна заштита на правата на корисниците на поштенски услуги останува во нашиот фокус за наредната година. Ова ќе се постигне преку комуникација и редовно објавување на информации од интерес на корисниците на поштенски услуги.

**3.1. Изготвување на одговори по претставки и управни приговори** - Во делот на заштита на корисниците на поштенски услуги, Агенцијата перманентно постапува по добиени претставки и управни приговори од страна на корисниците.

**Период на реализација**: Во текот на целата година

**Носител:** Директорат за заштита на правата на корисници и односи со јавноста

**3.2. Е-претставка/приговор** – „Поднеси претставка/приговор во електронска форма" ќе им овозможи на корисниците лесен начин за пополнување на претставка за одреден давател на поштенски услуги. Вработените од Агенцијата ќе имаат можност за нивна обработка и преглед на статистички извештаи во врска со претставките и приговорите.

**Период на реализација**: Прв квартал од 2024 година

**Носител:** Директорат за заштита на правата на корисници и односи со јавноста

**3.3. Континуирано едуцирање на корисниците** преку обезбедување на релевантни информации на веб страницата на Агенцијата со објавување на едукативни текстови, брошури, публикации, прирачници и упатства, соопштенија, извештаи и податоци во врска со работењето на давателите на поштенски услуги, новини во работењето и организирање на едукативни работилници на кои ќе се презентираат правата на корисниците во поглед на поднесување на рекламации кај давателите на поштенски услуги, како и управни приговори пред Агенцијата.

**Период на реализација**: Во текот на целата година

**Носител:** Директорат за заштита на правата на корисници и односи со јавноста

**3.4. Промовирање на улогата на давателите на поштенски услуги** во насока на зголемување на довербата кај корисниците преку пружање на фер

услуги и веродостојни информации и практики и преку зајакнување на политиките на комуникација и транспарентност, како и одговорно управување со рекламационите постапки.

**Период на реализација:** Во текот на целата година

**Носител:** Директорат за заштита на правата на корисници и односи со јавноста

3.5. **Заштита на пазарниот интегритет и намалување на можните злоупотреби и измами на "дивите даватели на поштенски услуги"** - Агенцијата ќе продолжи со зајакнато следење на активностите на терен и на социјалните мрежи и навремено преку известувања до јавноста, ќе реагира на појавите на неовластено обезбедување на поштенски услуги од страна на нелиценцирани субјекти и најразлични интернет платформи.

**Период на реализација:** Во текот на целата година

**Носител:** Овластени лица за вршење на надзор

! ! *Дополнително во соработка со други надлежни органи и институции во Република Северна Македонија, Агенцијата сите овие незаконски појави ќе ги пријавува со цел навремено реагирање и спречување на поголеми злоупотреби на поштенскиот пазар. Во таа насока е и важноста на меѓуинституционална соработка која ќе треба да понуди обмислени решенија на повеќе нивоа со цел решавање на предизвиците на ваквата вертикално интегрирана нелојална конкуренција.*

## 4. Зајакнување на надзорните и контролните механизми

Агенцијата во 2024 година ќе спроведува редовни, вонредни и контролни надзори над спроведувањето на Законот и прописите донесени врз основа на овој закон. Редовните надзори ќе се вршат според Годишната програма за вршење на надзор за 2024 година, вонредните ќе се вршат ненајавено, врз основа на поднесена иницијатива од корисници или даватели на поштенски услуги, како и во случај на сомневање на овластеното лице (по службена должност), и контролните ќе се вршат по истекот на рокот определен во решението донесено од страна на Агенцијата.

**Цел:** Зголемување на почитувањето на обврски од Законот, Општите овластувања за обезбедување поштенски услуги, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

4.1. **Донесување на Годишна програма за вршење на надзор на Агенцијата за пошти за 2024 година** – Директорот ќе донесе Годишната програма за вршење на надзор за 2024 година во тековната за наредната година со која ќе биде дефинирана динамиката на спроведување на редовните надзори и вонредните надзори кои неминовно ќе произлезат од секојдневното работење на давателите, како и врз правните субјекти кои обезбедуваат поштенски услуги без Општо овластување издадено од Агенцијата.

**Период на реализација**: Декември, 2023 година

**Носител:** Директор во соработка со овластени лица за вршење на надзор

**4.2. Редовни увиди над давателите на поштенски услуги** – Агенцијата и во 2024 година ќе продолжи со активноста на проверка на достапноста на информациите кои се однесуваат на видовите на услуги, начинот и роковите на достава, рекламационите постапки, контактни информации, ценовниците и Општите услови кои давателите на поштенски услуги се должни да ги достават до Агенцијата и да ги објават во сопствените простории на видно место.

**Период на реализација**: Во текот на целата година

**Носител:** Директорат за следење и анализа на пазарот, Директорат за поштенски мрежи и меѓународна соработка, Директорат за заштита на правата на корисници и односи со јавноста, Директорат за регулатива, лиценцирање и правни работи, Директорат за финансии, сметководство и еконономски прашања од поштенската област

**4.3. Заеднички надзори со други институции** - Во 2024 година, Агенцијата врз основа на веќе воспоставената пракса за соработка, ќе врши заеднички надзори со други институции, врз давателите на поштенски услуги и субјектите кои неовластено обезбедуваат поштенски услуги, во сите случаи каде ќе се констатира потреба од преземање соодветни мерки.

**Период на реализација**: По укажана потреба, во текот на целата година

**Носител:** Овластени лица за вршење на надзор

## 5. Јакнење на институционалните капацитети на Агенцијата

Во 2024 година, Агенцијата ќе превземе активности за утврдување и за управување со потенцијалните ризици кои произлегуваат од нејзините секојдневни активности, а кои се поврзани со стабилен информатички систем, системот за спроведување на јавните набавки, имплементацијата на клучните законски одредби за административните службеници, и другата регулатива која има влијание врз ефикасното работење на институцијата.

**Цел**: Планско развивање, искористување на расположливите човечки ресурси и прилагодување на организацискиот фокус кон секојдневните промени, како и со рационално користење на знаењата, компетициите и искуствата за остварување на надлежностите на Агенцијата

**5.1.** **Регулирање на правата и обврските од работниот однос** - Превземање активности за спроведување на правата и обврските кои произлегуваат од работен однос, како и од Колективниот договор на вработените во Стручната служба на Агенцијата.
**Период на реализација**: Во текот на целата година
**Носител:** Директорат за регулатива, лиценцирање и правни работи

**5.2.** **Соодветна организациска и систематизациска поставеност** - Со динамичниот развој на пазарот на поштенските услуги се нагласува потребата да се прошири капацитетот и ефективноста на самата институција и да се направи Функционална анализа на постојната поставеност и проценка за реорганизирање на Стручната служба.
**Период на реализација**: Втор квартал од 2024 година
**Носител:** Директорат за координација на работата на директорот и на Комисијата на Агенција за пошти во координација со директорот

**5.3.** **Вработување на нов квалитетен, стручен и мотивиран кадар** - Поради зголемениот обем на работа, активностите предвидени во стратешките документи и исполнување на барањата на поштенскиот пазар кој се развива секојдневно, Агенцијата ќе ангажира стручен кадар согласно усвоениот Годишен план за вработување во 2024 година. При селекцијата на нововработени лица, Агенцијата ќе се води од начелото на соодветна и правична застапеност на сите етнички заедници, како и критериумот за еднакви можности на жените и на мажите.

**Период на реализација**: По укажана потреба, во текот на целата година
**Носител:** Директорат за регулатива, лиценцирање и правни работи во координација со директорот

5.4. **Годишна програма за обуки на вработените во Агенција за пошти** - Донесување и имплементација на Годишна програма за обуки. Секој вработен има право, но и должност континуирано професионално и стручно да се усовршува и обучува во согласност со потребите на работното место на кое се наоѓа.
**Период на реализација**: Во текот на целата година
**Носител:** Директорат за регулатива, лиценцирање и правни работи

5.5. **Меѓусекторска соработка и комуникација** - Агенцијата ќе настојува и во иднина вработените од различни директорати да работат на заеднички проекти и задачи, со цел да се користат различни способности и компетенции во рамките на поединечните компоненти. Ваквите меѓусекторски работни групи носат (task force), пошироки и поразновидни перспективи, го подобруваат учењето на нови вештини и го поддржуваат индивидуалното учење и развој на секое ниво.
**Период на реализација**: Во текот на целата година
**Носител:** Сите Директорати во Стручната служба на Агенцијата

5.6. **Самостојност и независност во градењето на кадровските политики** - Едно од најважните атрибутивни својства на регулаторните тела е нивната независност од останатите. Независноста е финансиска бидејќи не се алиментира од буџетски средства, оперативна и функционална – нивните одлуки се автономни и не се „проверуваат" од извршната власт, кадровска – самостојно одлучуваат за прашањата од работен однос за своите вработени. Оттаму, Агенцијата во наредниот период ќе превземе иницијативи за поголема самостојност и независност во градење на своите кадровски политики и ангажирање на кадар.
**Период на реализација**: Во текот на целата година
**Носител:** Директорат за координација на работата на директорот и на Комисијата на Агенција за пошти во координација со директорот.

5.7. **Споделување и размена на стекнатото знаење и вештини при процесот на стручно усовршување** - Агенцијата ќе продолжи со организирање на т.н. сесии за „учење на тимот" на кои вработените ќе ги пренесуваат

знаењата и искуствата стекнати во текот на некоја програма за стручно усовршување која ја посетиле или ќе се обработуваат теми кои се актуелни за пазарот на поштенските услуги, а кои влијаат врз секојдневното работење на институцијата.

**Период на реализација**: Во текот на целата година

**Носител:** Сите вработени во Стручната служба на Агенцијата

**5.8. Планирање на потребите за јавни набавки, анализа и спроведување на јавните набавки** – Врз основа на потребите на Стручната служба за остварувањето на Планот за јавни набавки, Агенцијата ги планира јавните набавки за наредната година имајќи ги предвид расположивите финансиски средства алоцирани во Финансискиот план. Во текот на 2024 година ќе се применува модулот за јавни набавки и ќе се подготвуваат квартални извештаи за спроведените, тековните и оние постапки кои треба да се иницираат со цел нивно навремено започнување и следење.

**5.8.1.** Подготовка и спроведување на постапките за јавни набавки - Почитување на одредбите од Законот за јавни набавки и начелата за спроведување на постапките.

**5.8.2.** Следење на договорите по јавни набавки: Тековно следење на договорите за јавни набавки и редовно известување на директорот и Комисијата на Агенција за пошти за статусот на реализација на истите, со цел по потреба преземање на активности за измени и дополнувања на Планот за јавни набавки.

**Период на реализација**: Во текот на целата година

**Носител:** Овластени лица за јавни набавки во соработка со Директорат за регулатива. лиценцирање и правни работи, а во координација со директорот

**5.9. Сметководствено евидентирање на трансакциите поврзани со извршувањето на функциите и задачите на Агенцијата** – Агенцијата во 2024 година ќе продолжи со следење и примена на законите и на подзаконските акти од областа на материјално – финансиското работење на непрофитните организации. Навремено ќе се подготвува, извршува и известува за реализацијата на Финансискиот план на Агенцијата.

**Период на реализација**: Во текот на целата година

**Носител:** Директорат за финансии, сметководство и економски прашања од поштенската област

**5.10. МКС EN ISO/IEC 9001:2015 - системот за управување со квалитет** - Годишна проверка на примената на системот за управување со квалитет на процесите во Агенцијата и утврдување на насоки за подобрување и унапредување.

**Период на реализација**: Во текот на целата година

**Носител:** Координатор во соработка со сите Директорати во Стручната служба на Агенцијата

**5.11. Зајакнување на IT инфраструктура** - Агенцијата ќе продолжи да вложува во својата IT инфраструктура со цел континуирано и непречено извршување на работните задачи и успешно функционирање на институцијата, притоа ќе се набават нови персонални компјутери и лаптопи за вработените во Агенцијата.

**Период на реализација**: Прв квартал од 2024 година

**Носител:** Овластени лица за јавни набавки во координација со овластено лице за ИТ

**5.12. Заштита на информацискиот систем на Агенцијата** – Обновување на лиценците за антивирусни програми кои ќе обезбедат заштита од губење на податоци при различни хаварии, заштита од вируси и од надворешни напади на системот.

**Период на реализација**: Трет квартал од 2024 година

**Носител:** Овластени лица за јавни набавки во координација со овластено лице за ИТ

**5.13. Сајбер безбедност** - Зголемениот опфат и покриеност на работните процеси во Агенцијата кои се базираат на воспоставени информатичко компјутерски системи во институцијата, бара и зголемување на свесноста за значењето на интегритетот, автентичноста и доверливоста на овие системи, како и на податоците кои се обработуваат.Во наредниот период Агенцијата ќе работи на подигнување на свеста кај своите вработени за примена на најдобри практики за заштита на информатичко – компјутерската технологија, како и на заштита на информациите и на податоците кои се обработуваат.

**Период на реализација**: Во текот на целата година

**Носител:** Овластено лице за ИТ во соработка со сите вработени во Стручната служба на Агенцијата

5.14. **Дигитализација на работните процеси** - Воспоставување на нова софтверска апликација за модернизација на системот за електронско управување со документи Document Management System (ДМС), која ќе обезбеди ефикасност и брзина на процесите во Агенцијата.
**Период на реализација**: Втор квартал од 2024 година
**Носител:** Овластено лице за ИТ во соработка со сите Директорати во Стручната служба на Агенцијата

5.15. **Дигитализација на архивската документација** – Ќе се започне со постапка за дигитализација, односно трансформирање во електронска форма на документите за првите 5 години од основање на Агенцијата.
**Период на реализација**: Трет квартал од 2024 година
**Носител:** Овластени лица за јавни набавки во координација со сите Директорати во Стручната служба на Агенцијата .

## 6. Транспарентност и соработка

Агенцијата за пошти и во наредниот период ќе ја практикува „активната транспарентност“, односно ќе го применува концептот на самоиницијативно објавување на значајни документи од областа на поштенските услуги, но и информации за финансиското работење на својата веб страница. Со оваа пракса на објавување на документи и информации овозможуваме јавноста континуирано да биде информирана за регулаторните мерки и одлуките што ги засегаат сите чинители на пазарот на поштенските услуги.

**Цел:** Обезбедување поголема транспарентност во работењето на Агенцијата и поефикасна комуникација со јавноста

6.1. **Подготвување на состаноци за Комисијата на Агенција за пошти** - Согласно Деловникот за работа, а во насока на обезбедување на континуитет во работењето на институцијата, Комисијата ќе одржува состаноци најмалку еднаш месечно поради што подготовката на точките за разгледување ќе биде континуирана.
**Период на реализација**: Во текот на целата година

**Носител**: Директорат за координација на работата на директорот и на Комисијата на Агенција за пошти во координација со директорот

6.2. **Јавни состаноци** - Агенцијата ќе продолжи со одржување на јавни состаноци на кои информира за своите завршени и идни активности во рамките на делокругот на целокупното работење на Агенцијата.
**Период на реализација**: Втор и четврт квартал од 2024 година
**Носител**: Директорат за координација на работата на директорот и на Комисијата на Агенција за пошти и Директорат за заштита на правата на корисници и односи со јавноста

6.3. **Јавна расправа за подзаконски акти** - Презентација на предлозите, коментарите и забелешките на подзаконската регулатива која се објавува на веб страницата на Агенцијата, пред сите заинтересирани чинители во поштенскиот сектор.
**Период на реализација:** Во текот на целата година
**Носител:** Директорат за регулатива, лиценцирање и правни работи и Директорат за заштита на правата на корисници и односи со јавноста

6.4. **Соопштенија, изјави, известувања и прес конференции-** Агенцијата навремено ќе ги информира сите чинители на поштенскиот сектор за состојбата на поштенскиот пазар, донесените регулаторни мерки и за сите активности кои произлегуваат од тековното работење на Агенцијата. На овој начин се остварува правото на сите чинители да бидат информирани за прашањата кои што им се потребни, а се во надлежност на институцијата. Агенцијата ќе ја информира пошироката јавност и медиумите за нејзините натамошни планови и активности кои се однесуваат на поштенскиот пазар, растот на истиот, информации за корисниците на услугите, како и за новини во секторот.
**Период на реализација**: Во текот на целата година
**Носител**: Директорат за заштита на правата на корисници и односи со јавноста во координација со директор

6.5. **Ажурирање на веб-страницата на Агенцијата** - Заради навремено и континуирано информирање на сите чинители на поштенскиот сектор, како и заради транспарентното работење, со содржини од билатерални и други средби, јавни состаноци и слични активности на Агенцијата, анализи поврзани со трендовите во поштенскиот сектор,

регулаторни мерки, одлуки и сл. Агенцијата редовно ќе ја ажурира својата веб страница.

**Период на реализација:** Во текот на целата година

**Носител:** Директорат за заштита на правата на корисници и односи со јавноста

**6.6. Ажурирање на содржините на Facebook профилот на Агенцијата** – Редовно ажурурање на Facebook профилот на Агенцијата.

**Период на реализација:** Во текот на целата година

**Носител:** Директорат за заштита на права на корисници и односи со јавноста

**6.7. Ажурирање на содржините на YouTube каналот на Агенцијата**

**Период на реализација:** Во текот на целата година

**Носител:** Директорат за заштита на правата на корисници и односи со јавноста

**6.8. Изработка на Е-билтен** - Со цел да се афирмира работатата на Агенцијата и да се доближи до лиценцираните даватели на поштенски услуги, Агенцијата ќе продолжи со изработка на Информативниот е - билтен како моќна алатка на дигиталниот маркетинг преку која се остварува директно комуницирање со соработниците -давателите на поштенски услуги со „доставување“ на значајни содржини од работењето на институцијата и трендовите во поштенскиот сектор, директно на нивните електронски пошти.

**Период на реализација:** Еднаш месечно во текот на целата година

**Носител:** Директорат за заштита на правата на корисници и односи со јавноста

**6.9. Ажурирање на Регистарот на лиценци** - Агенцијата и во следната година редовно и навремено ќе врши усогласување на базата на податоци.

**Период на реализација:** Во текот на целата година

**Носител:** Директорат за заштита на правата на корисници и односи со јавноста и Директорат за регулатива, лиценцирање и правни работи



**6.10. Мерење на корисничкото задоволство** - Со цел подигнување на квалитетот на својата работа, Агенцијата ќе врши мерење на

задоволство на корисниците на поштенски услуги и давателите на поштенски услуги, преку електронска анкета на веб страницата.

**Период на реализација**: Трет квартал од 2024 година

**Носител**: Директорат за заштита на правата на корисници и односи со јавноста

**6.11.** **Слободен пристап до информации од јавен карактер** - Пристапот до информациите од јавен карактер е клучна компонента при функционирањето на Агенцијата. За Агенцијата како имател на информации од јавен карактер, пристапот до информациите од јавен карактер претставува еден вид коректив за работењето на самата институција. Исто така, Агенцијата и во 2024 година ќе продолжи да го следи задоволството на барателите како критериум за успешноста при исполнувањето на обврските како имател на информации.

**Период на реализација:** Во текот на целата година

**Носител:** Овластено лице за слободен пристап до информации

**6.12.** **Публикација на прирачници, постери, флаери** со содржина која ќе ги опфати најважните прашања кои се однесуваат на подигање на едукацијата на корисниците на поштенски услуги од областа на пазарот на поштенските услуги.

**Период на реализација:** По укажана потреба, во текот на целата година

**Носител**: Директорат за заштита на правата на корисници и односи со јавноста

**6.13.** **Одбележување на Светскиот ден на поштата**, со цел подигнување на јавната свест за улогата на поштенскиот сектор во секојдневниот живот на луѓето и бизнисите и неговиот придонес за општествениот и економски развој на државата, преку пригодни активности.

**Период на реализација**: Октомври, 2024 година

**Носител:** Директорат за заштита на правата на корисници и односи со јавноста

## 6.а. Соработка

Поттикнување на одржлив развој на поштенскиот сектор кој ќе нуди квалитетни поштенски услуги е основата на нашата визија за тоа што треба да претставува еден развиен и конкурентен пазар.

Во исполнување на нашата цел ќе соработуваме со домашни и релевантни меѓународни институции за подрачја кои се значајни за натамошно функционирање на пазарот на поштенските услуги, се со цел унапредување на регулативата и практики согласно новите пазарни трендови.

### 6.а.1. Соработка со домашни институции

**Цел:** Соработка со надлежните институции и министерства во насока на континуирано усогласување на постојната применлива законска регулатива со релевантните европски директиви и примена на најдобрите практики на законското регулирање, реализација на иницијативи за креирање на политики од заеднички интерес.

**Соработка со Собранието на Република Северна Македонија** – во насока на негово навремено известување, доставување и презентирање на Годишната Програма за работа и Годишниот Извештај за работата на Агенцијата, како и во врска со избор и именување на членови на Комисијата на Агенција за пошти.
**Период на реализација:** Во текот на целата година
**Носител**: Директорат за координација на работата на директорот и на Комисијата на Агенција за пошти

**Соработка со Министерството за транспорт и врски** - за прашања поврзани со усогласување на постојната законска регулатива со Поштенските директиви и изработка на нова Стратегијата за развој на поштенските услуги.
**Период на реализација:** Во текот на целата година
**Носител**: Директорат за координација на работата на директорот и на Комисијата на Агенција за пошти, во соработка со сите Директорати во Стручната служба на Агенцијата

**Соработка со Министерствота за финансии** –Во насока на имплементација на мерките и активностите од надлежност на Агенцијата предвидени во Стратегијата за формализирање на неформалната економија за периодот 2023-2027 година, која е усвоена од Владата на предлог на Министерството за финансии. Агенцијата со одлука на Владата е член во Меѓуресорско тело за координација на активностите за спроведување на Стратегијата, и учествува во работата на телото со свои претставници.

**Период на реализација**: Во текот на целата година

**Носител:** Член и заменик член на Меѓуресорско тело за координација на активностите за спроведување на Стратегијата за формализирање на неформалната економија 2023 - 2027 година

**Соработка со Царинската управа, Државниот пазарен испекторат и Управата за јавни приходи** - Во врска со иницијативата на Агенцијата за креирање на политики за сузбивање на сивата економија во поштенскиот сектор при работењето со готовина при достава на пратки со откупнина и во делот на вршење на заеднички надзори.

**Период на реализација:** Во текот на целата година

**Носител:** Сите Директорати во Стручната служба на Агенцијата и овластени лица за вршење на надзор

**Соработка со Комисијата за заштита на конкуренцијата** - во насока на размена на информации и податоци за поефикасна примена на правилата за конкуренција на поштенскиот пазар.

**Период на реализација**: Во текот на целата година

**Носител:** Директорат за следење и анализа на пазарот и Директорат за регулатива, лиценцирање и правни работи

**Соработка со Нотарската Комора на Република Северна Македонија** – Потпишување на Меморандум за соработка кој ќе биде во насока на адресирање на предизвиците и проблемите, но и изнаоѓање решенија за унапредување на праксата и соработката во двата сектора: нотаријатот како масовни испраќачи на пратки за кореслоденција и во поштенскиот сектор.

**Период на реализација**: Трет квартал од 2024 година

**Носител:** Директорат за координација на работата на директорот и на Комисијата на Агенција за пошти

**Соработка со Организацијата на потрошувачи на Македонија** - за прашања поврзани со сертификатот „Фер со потрошувачот" - заснован на ISO 26000. Со организирање на работилници на кои ќе присуствуваат даватели на поштенски услуги и ќе се дискутира за дефинираните правила за заштита на безбедноста и здравјето на корисниците, користењето на фер пазарни практики, спогодбено решавање поплаки и спорови, како и за грижата за влијанието на производите врз животната средина.

**Период на реализација**: Во текот на целата година

**Носител:**Директорат за заштита на правата на корисници и односи со јавноста

**Соработка со Управата за финансиско разузнавање** - Заради зајакнување на капацитетите за спречување на перење на пари и унапредување на функционалноста на системот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам.

**Период на реализација**: Во текот на целата година

**Носител:** Директорат за финансии, сметководство и економски прашања од поштенската област

### 6.а.2. Меѓународна соработка

**Цел**: Размена на информации, искуства и добри практики со регулаторни тела од поштенската област, учество на Агенцијата во меѓународни активности за прашања кои се однесуваат на имплементацијата на поштенската легислатива.

**Соработка со Светскиот поштенски Сојуз (UPU)** - учество на сесиите на Советот на администрација, со цел поефикасна примена на практиките, стандардите и принципите од областа на поштенските услуги.

**Период на реализација:** Во текот на целата година

**Носител:** Директорат за координација на работата на директорот и на Комисијата на Агенција за пошти во координација со директорот

**Соработка со Групата на европски поштенски регулатори** (ERGP) - учество на пленарни состаноци, состаноци на работни групи, семинари и конференции во насока на воспоставување на мрежа за олеснета соработка со регулаторните тела на другите земји- членки на организацијата.

**Период на реализација:** Во текот на целата година

**Носител:** Директорат за координација на работата на директорот и на Комисијата на Агенција за пошти, во координација со директорот

**Соработка со Европскиот комитет за поштенски регулации** (CERP) – учество на пленарни и состаноци на работни групи во насока на размена на информации, анализи за прашања од регулаторен аспект од областа на поштенските услуги.

**Период на реализација**: Во текот на целата година

**Носител:** Директорат за координација на работата на директорот и на Комисијата на Агенција за пошти, во координација со директорот

**Соработка со Канцеларијата на Обединети Нации за дрога и криминал (UNODC)** - Агенцијата и во 2024 година, согласно своите законски надлежности и овластувања, активно ќе учествува во меѓународниот проект за откривање на илегална трговија на оружје, негови делови и компоненти на муниција во поштенскиот и курирски сообраќај. Во рамките на проектот преку заеднички искуства и предлози ќе се развијат мерки и инструменти за сузбивање на оваа појава кај давателите на поштенските услуги.

**Период на реализација**: Во текот на целата година

**Носител:** Директорат за координација на работата на директорот и на Комисијата на Агенција за пошти, во координација со директорот

**Соработка со регулаторни тела од регионот** - учество на регионални активности и состаноци во насока на стекнување на нови знаења и искуства, како и размена на податоци и информации кои ќе послужат за подобро справување со предизвиците и промените во поштенскиот сектор, а истите ќе се одвиваат преку потпишување на билатерални меморандуми за соработка.

**Период на реализација**: Во текот на целата година

**Носител:** Директорат за координација на работата на директорот и на Комисијата на Агенција за пошти, во координација со директорот

**Соработка со ЦЕФТА и ГИЗ** – Агенцијата и во 2024 година активно ќе учествува во процесот на спроведување на реформите за трговија и конкурентност во земјите на ЦЕФТА- Централноевропски договор за слободна трговија, во насока на изготвување на заедничка Одлука за заеднички договор за слободна трговија на услуги за пренос на пакети помеѓу земјите членки на ЦЕФТА. Воедно, Агенцијата ќе продолжи со активно учество во експерската група "Inter-Party Parcel delivery" која е формирана во рамките на ЦЕФТА и ГИЗ.

**Период на реализација**: Во текот на целата година

**Носител:** Директорат за следење и анализа на пазарот и Директорат за заштита на правата на корисници и односи со јавноста

**TAIEX апликации** - Во рамки на соработката со Секретаријатот за европски прашања при Владата на Република Северна Македонија, Агенцијата ќе поднесе апликации за финансиска поддршка преку TAIEX (Technical Assistance and Information Exchange) инструментот на Директоратот за проширување на Европската Комисија, со цел пренесување на практично искуство од регулатори на земји членки на ЕУ во

имплементација на европските директиви, а со цел реализација на активностите утврдени во НПАА.

**Период на реализација:** Прв квартал од 2024 година

**Носител:** Директорат за координација на работата на директорот и на Комисијата на Агенција за пошти



## Општествено одговорна институција

Подигнување на свеста за развој на општествената одговорност делувајќи во областите како што се, заштита на животната средина, хуманитарна помош, крводарителски акции.

Во 2024 година Агенцијата ќе продолжи со активности за подобрување на општествената одговорност на институцијата и тоа преку:

- **Хуманитарни иницијативи:** соработка со Ретвитни оброк.
- **Крводарителски акции:** Агенцијата ќе учествува во крводарителски акции и во други хуманитарни акции во соработка со Црвен крст и со други организации.
- **Хуманитарна помош:** Соработка со институциите кои згрижуваат деца без родители, со институциите и невладините организации кои се грижат за социјално загрозените лица преку хуманитарни активности да се придонесе за заштита на достоинството и подобрување на животот на овие лица.
- **Поддршка и учество на Европската недела на мобилност** - (European Mobility Week) – Во соработка со Европска Куќа - Скопје (Europe House - основана од Делегација на Европска Унија во Република Северна Македонија), вработените на Агенцијата за пошти ќе

земат учество во различни активности користејќи еколошки превозни средства.

Поврзано со кампањата, Агенцијата за пошти како регулатор на македонскиот поштенски пазар, ќе ги поттикне лиценцираните даватели на поштенски услуги да се приклучат и да ја поддржат оваа иницијатива преку учество во активноста *„Green delivery day“*. Еден од седумте дена од Европската недела на мобилност, даваталите на поштенски услуги ќе ги обезбедуваат поштенски услуги користејќи еко-пријателски превозни средства (велосипеди, електрични тротинети и  автомобили и други чисти возила ) преку што ќе придонесат во заштита на животната средина и ќе се докажат дека се општествено одговорни компании.Оваа акција ќе се одвива во градот Скопје во централното градско подрачје, каде што се живеат околу 46 000 илјади жители.

**Период на реализација**: Во текот на годината

**Носител:** Директорат за координација на работата на директорот и на Комисијата на Агенција за пошти и Директорат за заштита на правата на корисници и односи со јавноста

**КОМИСИЈА НА АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ**

Претседател

Борче Груевски

## 7. ФИНАНСИСКИ ПЛАН НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПОШТИ ЗА 2024 ГОДИНА

Агенцијата за пошти тргнувајќи од планираните активности и задачи предвидени во Годишната програма за работа за 2024 година, изготви Финансиски план за 2024 година во кој е извршена проценка на расходите и приходите потребни за реализација на истите, а во насока на извршување на надлежностите утврдени со Законот за поштенските услуги.

Финансискиот план за 2024 година е изготвен согласно член 23 од Законот за поштенските услуги во кој се содржани детални податоци (по аналитички конта) за предвидените приходи и трошоци за 2024 година и споредбени показатели на предвидените приходи и расходи за 2024 и 2023 година.

Во прилог ги презентираме:

- Финансискиот план за 2024 година;
- Споредбените показатели за планираните приходи и расходи за 2024 и 2023 година, и
- Образложението за Финансискиот план и Споредбените показатели.

# ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА 2024 година

## 1. ПРИХОДИ

| Конто | Опис на Конто | Планиран износ 2024 |
|---|---|---|
| 72 | **Приходи од камати и позитивни курсни разлики** | **3,605,000.00** |
| 720 | **Приходи од камати** | **3,600,000.00** |
| 72002 | Приходи од камати-даватели на поштенски услуги | 3,600,000.00 |
| 721 | **Приходи од позитивни курсни разлики** | **5,000.00** |
| 72101 | Приходи од позитивни курсни разлики | 5,000.00 |
| 75 | **Сопствени приходи** | **27,000,000.00** |
| 750 | **Сопствени приходи - приходи од годишен надоместок од давателите на поштенските услуги** | **27,000,000.00** |
| 75001 | Сопствени приходи од годишен надоместок од давателите на поштенски услуги | 27,000,000.00 |
| 76 | **Други приходи** | **900,000.00** |
| 760 | **Други приходи** | **900,000.00** |
| 7600 | Други приходи | 900,000.00 |
| 77 | **Пренесен дел од вишокот на приходи од претходната година** | **7,495,000.00** |
| 770 | **Пренесен дел од вишокот на приходи од претходната година** | **7,495,000.00** |
| 77001 | Пренесен дел од вишокот на приходи од претходната година | 7,495,000.00 |
| 7 | ВКУПНО ПРИХОДИ | 39,000,000.00 |

## 2. РАСХОДИ

| Конто | Опис на Конто | Планиран износ 2024 |
|---|---|---|
| 40 | МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА | 3,008,000.00 |
| **400** | **Потрошени материјали** | **400,000.00** |
| 40000 | Потрошено гориво | 72,000.00 |
| 40001 | Потрошени канцелариски материјали | 100,000.00 |
| 40003 | Други административни материјали | 30,000.00 |
| 40004 | Други потрошени материјали | 60,000.00 |
| 40010 | Потрошена вода | 10,000.00 |
| 40011 | Други комунални услуги-ѓубретарина | 18,000.00 |
| 40012 | Весници и списанија | 10,000.00 |
| 40013 | Стручна литература | 40,000.00 |
| 40021 | Ситен инвентар | 60,000.00 |
| **401** | **Потрошена енергија** | **780,000.00** |
| 40100 | Кондиционирање (греење, ладење) | 480,000.00 |
| 40102 | Електрична енергија | 300,000.00 |
| **403** | **Други услуги** | **618,000.00** |
| 40301 | Пошта | 45,000.00 |
| 40304 | Регистрација и испитување на возило | 10,000.00 |
| 40305 | Телефон и телефакс | 40,000.00 |
| 40306 | Услуги за копирање, печатење и издавање | 65,000.00 |
| 40307 | Службен весник | 20,000.00 |
| 40308 | Надомест за паркинг простор | 30,000.00 |
| 40309 | Чистење на деловни простории | 120,000.00 |
| 40313 | Други услуги (изнајмување, дезинфекција и сл.) | 95,000.00 |
| 40310 | Поправка и одржување на компјутерска опрема | 70,000.00 |
| 40314 | Поправка и сервисирање на возила | 61,000.00 |

| | | |
|---|---|---|
| 40315 | Поправка и одржување на останата опрема | 19,000.00 |
| 40318 | Поправка и одржување на софтвер за сметководство | 43,000.00 |
| **404** | **Превозни-транспортни услуги** | **25,000.00** |
| 40401 | Превозни-транспортни услуги | 25,000.00 |
| **405** | **Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација** | **200,000.00** |
| 40501 | Издатоци за репрезентација | 200,000.00 |
| **408** | **Наемнини** | **985,000.00** |
| 40801 | Наемнини за канцелариски простор | 985,000.00 |
| 41 | ДРУГИ РАСХОДИ | 10,427,000.00 |
| **410** | **Провизија за платен промет** | **50,000.00** |
| 41000 | Провизија за платен промет | 40,000.00 |
| 41001 | Провизија за купопродажба на девизи | 10,000.00 |
| **412** | **Премии за осигурување** | **61,000.00** |
| **413** | **Дневници за службени патувања и патни трошоци** | **2,000,000.00** |
| **414** | **Надоместоци на трошоци на работници** | **700,000.00** |
| **415** | **Негативни курсни разлики** | **3,000.00** |
| **416** | **Членарини** | **5,000.00** |
| **417** | **Интелектуални и други услуги** | **7,406,000.00** |
| 41701 | Други услуги-хост за интернет страна | 23,000.00 |
| 41710 | Надомест за Комисија - тековна година | 4,050,000.00 |
| 41712 | Надомест по договор | 200,000.00 |
| 41716 | Надомест на трошоци на членови на Комисијата - тековна година | 110,000.00 |
| 41721 | Ревизија на финансиски извештаи | 95,000.00 |
| 41722 | Консултантски услуги | 960,000.00 |
| 41723 | Услуги за истражување на пазарот | 195,000.00 |
| 41734 | Обуки за стручно усовршување | 200,000.00 |
| 41735 | Услуги за привремени вработувања | 1,260,000.00 |

| | | |
|---|---|---|
| 41736 | Услуги за архивирање | 180,000.00 |
| 41790 | Други услуги (фотограф, монтажа и сл.) | 61,000.00 |
| 41791 | Други услуги - превод | 72,000.00 |
| **418** | **Останати други расходи** | **202,000.00** |
| 41801 | Други расходи (огласи, стандарди, извршители и сл.) | 200,000.00 |
| 41820 | Камата за придонеси и даноци од плата | 1,500.00 |
| 41826 | Камата за задоцнето плаќање | 500.00 |
| 44 | КАПИТАЛНИ И ДРУГИ СРЕДСТВА | **441,000.00** |
| **441** | **Средства за опрема** | **441,000.00** |
| 4410 | Средства за мебел | 61,000.00 |
| 4410 | Средства за компјутерска опрема | 140,000.00 |
| 4410 | Средства за компјутерски софтвер | 240,000.00 |
| 46 | ПЛАТИ И НАДОМЕСТИ НА ПЛАТИ | **24,500,000.00** |
| **460** | **Вкалкулирани плати** | **24,500,000.00** |
| 4600 | Основни плати | 16,100,000.00 |
| 4600 | Придонеси од плати | 8,400,000.00 |
| 47 | ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ КОИ НЕ ЗАВИСАТ ОД РЕЗУЛТАТОТ | **624,000.00** |
| **470** | **Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот** | **624,000.00** |
| 47001 | ДЛД - Надомест за Комисија - тековна година | 450,000.00 |
| 47003 | ДЛД - Комисија (надомест на трошоци) - тековна година | 12,500.00 |
| 47004 | ДЛД - Договор | 20,000.00 |
| 47006 | ДЛД - други исплати | 141,500.00 |
| 4 | ВКУПНО РАСХОДИ | 39,000,000.00 |

| | |
|---|---|
| останати расположливи средства | 0.00 |

Споредбени показатели на планиран Финансиски план за 2024 и 2023 година

## 1. ПРИХОДИ

| Конто | Опис на Конто | Планиран износ 2024 | Планиран износ 2023 | споредбен показател на планирани приходи (%) |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 3 | 5=3/4*100 |
| 72 | Приходи од камати и позитивни курсни разлики | 3,605,000.00 | 2,305,000.00 | 156.40% |
| 720 | Приходи од камати | 3,600,000.00 | 2,300,000.00 | 156.52% |
| 721 | Приходи од позитивни курсни разлики | 5,000.00 | 5,000.00 | 100.00% |
| 75 | Сопствени приходи | 27,000,000.00 | 25,000,000.00 | 108.00% |
| 750 | Сопствени приходи - приходи од годишен надоместок од давателите на поштенските услуги | 27,000,000.00 | 25,000,000.00 | 108.00% |
| 76 | Други приходи | 900,000.00 | 900,000.00 | 100.00% |
| 760 | Други приходи | 900,000.00 | 900,000.00 | 100.00% |
| 77 | Пренесен дел од вишокот на приходи од претходната година | 7,495,000.00 | 8,795,000.00 | 85.22% |
| 770 | Пренесен дел од вишокот на приходи од претходната година | 7,495,000.00 | 8,795,000.00 | 85.22% |
| 7 | ВКУПНО ПРИХОДИ | 39,000,000.00 | 37,000,000.00 | 105.41% |

## 2. РАСХОДИ

| Конто | Опис на Конто | Планиран износ 2024 | Планиран износ 2023 | споредбен показател на планирани расходи (%) |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 3 | 5=3/4*100 |
| 40 | МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА | 3,008,000.00 | 3,793,000.00 | 79.30% |
| 400 | Потрошени материјали | 400,000.00 | 420,000.00 | 95.24% |
| 401 | Потрошена енергија | 780,000.00 | 1,000,000.00 | 78.00% |
| 403 | Други услуги | 618,000.00 | 1,003,000.00 | 61.62% |
| 404 | Превозни-транспортни услуги | 25,000.00 | 25,000.00 | 100.00% |
| 405 | Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација | 200,000.00 | 360,000.00 | 55.56% |
| 408 | Наемнини | 985,000.00 | 985,000.00 | 100.00% |
| 41 | ДРУГИ РАСХОДИ | 10,427,000.00 | 9,234,000.00 | 112.92% |
| 410 | Провизија за платен промет | 50,000.00 | 50,000.00 | 100.00% |
| 412 | Премии за осигурување | 61,000.00 | 61,000.00 | 100.00% |
| 413 | Дневници за службени патувања и патни трошоци | 2,000,000.00 | 2,000,000.00 | 100.00% |
| 414 | Надоместоци на трошоци на работници | 700,000.00 | 700,000.00 | 100.00% |
| 415 | Негативни курсни разлики | 3,000.00 | 6,000.00 | 50.00% |
| 416 | Членарини | 5,000.00 | 5,000.00 | 100.00% |
| 417 | Интелектуални и други услуги | 7,406,000.00 | 6,178,000.00 | 119.88% |
| 418 | Останати други расходи | 202,000.00 | 234,000.00 | 86.32% |
| 44 | КАПИТАЛНИ И ДРУГИ СРЕДСТВА | 441,000.00 | 441,000.00 | 100.00% |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 441 | Средства за опрема | 441,000.00 | 441,000.00 | 100.00% |
| 46 | ПЛАТИ И НАДОМЕСТИ НА ПЛАТИ | 24,500,000.00 | 23,000,000.00 | 106.52% |
| 460 | Вкалкулирани плати | 24,500,000.00 | 23,000,000.00 | 106.52% |
| 47 | ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ КОИ НЕ ЗАВИСАТ ОД РЕЗУЛТАТОТ | 624,000.00 | 532,000.00 | 117.29% |
| 470 | Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот | 624,000.00 | 532,000.00 | 117.29% |
| 4 | ВКУПНО РАСХОДИ | 39,000,000.00 | 37,000,000.00 | 105.41% |

| | | |
|---|---|---|
| останати расположливи средства | 0.00 | 0.00 |

Во врска со доставениот Финансиски план на Агенцијата за пошти за 2024 година и Споредбените показатели во однос на 2023 година, Ви го презентираме следното **ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**:

## 1. ПРИХОДИ

- **Приходите од камати (конто 720)** се приходи од камати за ненавремено плаќање на годишниот надоместок од страна на давателите на поштенски услуги и истите се планирани во износ од 3.600.000 денари. Планираниот износ на оваа приходна ставка е поголем во однос на планираниот износ за 2023 година за 56,52%, поради фактот што при планирањето на оваа приходна ставка за 2024 година се земени во предвид и ненаплатените побарувања за камати од претходните години. Имено, во планот за 2024 година оваа приходна ставка вклучува планирани приходи од камати кои се однесуваат на претходните години како и на 2024 година, имајќи го во предвид искуството и праксата при начинот на плаќање на надоместоците од давателите на поштенски услуги низ годините наназад.

- **Приходите од позитивни курсни разлики (конто 721)** се приходи кои се јавуваат при девизни приливи и одливи и истите се планирани во износ од 5.000 денари, износ кој е еднаков со планираниот во 2023 година.

- **Сопствени приходи - приходи од годишен надоместок од давателите на поштенски услуги (конто 750)** се приходи од надоместоците кои давателите на поштенски услуги се должни да ги платат на Агенцијата на годишно ниво согласно Законот за поштенските услуги, а кои се пресметуваат како производ од бројот на поени на секој давател на поштенски услуги и вредноста на поенот. За 2024 година на ова конто се планирани 27.000.000 денари, кои е планирано да се обезбедат од еден давател на поштенски услуги со Индивидуална дозвола и триесет и четири даватели на поштенски услуги со Општо овластување. Планираниот износ на оваа приходна ставка е поголем во однос на планираниот износ за 2023 година за 8%, како резултат на потребите на редовното работење на Агенцијата и поради фактот што во Годишната програма за работа за 2024 година Агенцијата има планирано активности кои ќе предизвикаат поголеми расходи во однос на 2023 година, а кои детално се објаснети подолу во образложението.

- **Други приходи (конто 760)** се планирани во износ од 900.000 денари и истите вклучуваат приходи од надоместоци за службени патувања (кога службените патувања се на товар на организаторот), приходи од наплата на штети, приходи од меѓународна помош и поддршка во одредени сегменти во

функционирањето на Агенцијата и други видови на приходи кои не се опфатени со останатите приходни ставки. Планираниот износ на оваа приходна ставка е еднаков со планираниот износ за 2023 година.

- На **конто 770** е евидентиран **вишокот на приходи од претходната 2022 година** во износ од 7.495.000 денари, чиј точен износ ќе се утврди со Годишната сметка на Агенцијата за 2023 година, а истиот се пренесува во Финансискиот план за 2024 година согласно член 23 став 3 од Законот за поштенските услуги. Овие средства се користат за потребите на редовното работење на Агенцијата во првите месеци од годината, додека не се реализираат побарувањата од давателите на поштенски услуги врз основа на Решенијата за годишен надомест. Планираниот износ на оваа приходна ставка е помал во однос на планираниот износ за 2023 година за 14,78%, согласно проценките за износот кој би се пренел во 2024 како вишок на приходи утврден врз основа на Годишната сметка за 2023 година. Износот на оваа приходна ставка е резултат на ненавременото плаќање на надоместоците кон Агенцијата од давателите на поштенски услуги, пред се од „АД Пошта на Северна Македонија“ - Скопје, што ја оневозможува целосната реализација на планираните активности во Годишната програма и води кон голем износ на нереализирани финансиски средства, односно кон голем вишок на приходи за пренос во следната година.

## 2. РАСХОДИ

- **Потрошените материјали (конто 400)** се планирани во износ од 400.000 денари и истите вклучуваат: трошоци за гориво за службеното возило кои се користат за вршење на надлежностите за надзор над давателите на поштенски услуги и за останати службени потреби, трошоци за канцелариски материјали, расходи за вода и други комунални услуги поврзани со деловните простории, расходи за весници, списанија и стручна литература за потребите на вработените во Агенцијата, расходи за ситен инвентар и други административни и потрошени материјали утврдени според трошоците за истите во претходната година и проценките за потребите во тековната година.

Планираниот износ на оваа расходна ставка е помал од планираниот износ во 2023 година за 4,76%, како резултат на помалиот износ на планирани трошоци за канцелариски материјали, согласно искуството од 2023 година како и планираните потреби за 2024 година.

- **Потрошената енергија (конто 401)** вклучува расходи за електрична енергија и кондиционирање (греење/ладење) за деловните простории на Агенцијата. Оваа расходна ставка е планирана во износ од 780.000 денари кој е утврден врз основа на добиените фактури за 2023 година и очекувањата за движење на цените во 2024 година.

Планираниот износ на оваа расходна ставка е помал од планираниот износ во 2023 година за 22%, како резултат на фактот што Финансискиот план за 2023 вклучуваше и неподмирени расходи од претходните години.

- **Расходите за други услуги (конто 403)** се планирани во износ од 618.000 денари и истите вклучуваат: расходи за пошта, телефон и интернет, расходи за паркинг простор, регистрација и испитување на службеното возило на Агенцијата, расходи за поправка, сервисирање и одржување на опремата и софтверот на Агенцијата, трошоци за копирање, печатење и издавање за потребите на Агенцијата, расходи за Службен весник на Република Северна Македонија, расходи за чистење на деловните простории и други расходи (изнајмување, дезинфекција и сл.).

Планираниот износ на оваа расходна ставка е помал во однос на планираниот износ во 2023 година за 38,38%, како резултат на помалиот планиран износ на расходните ставки за услуги за копирање, печатење и издавање и за услугите за изнајмување на сали за состаноци, поради фактот што во 2023 година беше планиран и се реализираше пригоден настан за одбележувањето на 15 години од основањето на Агенцијата за пошти.

- **Расходите за превозни-транспортни услуги (конто 404)** се планирани во износ од 25.000 денари и истите опфаќаат трошоци за транспортни услуги за потребите на Агенцијата за пошти, поврзани со активностите предвидени во Годишната програма за работа за 2024 година, а посебно за активностите за надзор и контрола над давателите на поштенски услуги и меѓународната соработка.

Планираниот износ на оваа расходна ставка е еднаков со планираниот износ во 2023 година.

- **Издатоците за реклама, пропаганда и репрезентација (конто 405)** се планирани во износ од 200.000 денари и истите вклучуваат трошоци за репрезентација (храна и пијалаци, угостителски услуги и набавка на репрезентативен материјал).

Овие расходи се во функција на претставување на Агенцијата пред учесниците во поштенскиот сектор, како и презентирање и информирање на јавноста за работата и надлежностите на Агенцијата во насока на подигнување на јавната свест за поштенските услуги. Во годишната програма за работа на Агенцијата предвидени се активности кои наметнуваат потреба од расходи за репрезентација како што се активностите за организирање на јавни состаноци и презентирање на работењето, односно презентирање на разни извештаи и анализи изготвени од страна на Агенцијата во насока на јакнење на транспарентноста на Агенцијата, организирање на состаноци со тела кои се вклучени во поштенската проблематика и организирање на билатерални средби со регулатори од поштенската област.

Планираниот износ на оваа расходна ставка е помал во однос на планираниот износ во 2023 година за 44,44%.

- **Расходите за наемнини (конто 408)** се планирани во износ од 985.000 денари и истите вклучуваат трошоци за наем на деловните простории на Агенцијата лоцирани во Градскиот Трговски Центар во Скопје.

Планираниот износ на оваа расходна ставка е еднаков со планираниот износ во 2023 година.

- **Провизијата за платен промет (конто 410)** е планирана во износ од 50.000 денари согласно тарифите за провизии за платен промет на банките депоненти на Агенцијата за пошти и провизиите кои се плаќаат при откуп на девизи за службените патувања во странство и при финансиските трансакции со комитенти од странство.

Планираниот износ на оваа расходна ставка е еднаков со планираниот износ во 2023 година.

- **Расходите за осигурување (конто 412)** се планирани во износ од 61.000 денари и истите вклучуваат осигурување на службеното возило и опремата на Агенцијата за пошти, како и колективно осигурување од незгода на вработените во Агенцијата. Износот на расходите за осигурување е пресметан врз основа на цените на осигурителните компании за овие видови на осигурување. Планираниот износ на оваа расходна ставка е е еднаков со планираниот износ во 2023 година.

- **Трошоците за службени патувања (конто 413)** вклучуваат трошоци за дневници, сместување, превоз и останати трошоци поврзани со службените патувања во земјата и странство. Овие трошоци се планирани во износ од 2.000.000 денари и се во согласност со активностите предвидени во програмата за работа за 2024 година. Имено, оваа ставка вклучува расходи за планираните службени патувања во земјата како и службените патувања во странство на директорот и вработените во Агенцијата за пошти и тоа пленарни седници и работни групи организирани од Европскиот комитет за поштенска регулација (CERP), тематско учество во работните активности на Групата на европски поштенски регулатори (ERGP), соработка со Светскиот поштенски сојуз (UPU), учество на работни состаноци на Европската Комисија, учество на други меѓународни конференции и настани од областа на регулацијата на пазарот на поштенските услуги, билатерални посети на други национални регулаторни тела од областа на поштенските услуги, како и учество на обуки, работилници и семинари во насока на јакнење на институционалните капацитети на Агенцијата за пошти.

Планираниот износ на оваа расходна ставка е еднаков со планираниот износ во 2023 година.

- **Надоместоците на трошоци на работници (конто 414)** се планирани во износ од 700.000 денари согласно предвидените надоместоци во колективниот договор на Агенцијата за пошти. Оваа расходна ставка опфаќа исплата на парична помош во случај на смрт на вработен, смрт на член на семејно домаќинство, елементарни непогоди, регрес за годишен одмор и други надоместоци на вработените предвидени во Колективниот договор.

Планираниот износ на оваа расходна ставка е еднаков со планираниот износ во 2023 година.

- **Негативните курсни разлики (конто 415)** се планирани во износ од 3.000 денари и истите се јавуваат при приливи и одливи на девизни средства.

Планираниот износ на оваа расходна ставка е помал во однос на планираниот износ во 2023 година за 50%.

- **Расходите за членарини (конто 416)** се планирани во износ од 5.000 денари и истите се однесуваат на трошоците за членарини на Агенцијата во Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија.

Планираниот износ на оваа расходна ставка е еднаков со планираниот износ во 2023 година.

- **Расходите за интелектуални и други услуги (конто 417)** се планирани во износ од 7.406.000 денари и тие вклучуваат: расходи за хост за веб сстраницата на Агенцијата, расходи за ревизија на финансиските извештаи за 2023 година од страна на независен ревизор, расходи за консултантски услуги за следење и контрола на процесот на воведување на систем за посебно сметководство и алокација на трошоците на давателот на универзална услуга и за имплементирање на ИСО стандарди во работењето на Агенцијата, расходи за месечните надоместоци и надоместоците на трошоците на членовите на Комисијата на Агенција за пошти кои вклучуваат патни трошоци и трошоци за користење на сопствено возило за службени цели пресметани во согласност со Правилникот за плати и други надоместоци и Одлуката за определување на месечниот надоместок и надоместокот на другите трошоци на членовите на Комисијата, расходи за надоместоци врз основа на склучени договори за дело за потребите на Агенцијата, трошоци за истражување на потребите на корисниците на универзалната услуга, расходи за обуки за стручно усовршување, расходи за превод, расходи за ангажирање на работници преку Агенција за привремени вработувања, расходи за услуги за архивирање и расходи за други услуги (фотографирање, монтажа и сл.).

Планираниот износ на оваа расходна ставка е поголем во однос на планираниот износ во 2023 година за 19,88%, поради поголемиот планиран износ на расходните ставки за услуги за превод, услуги за истражување на пазарот како и надоместоците за членовите на Комисијата кои се планирани во поголем износ поради фактот што истите се пресметуваат врз основа на просечната месечна плата во Република Северна Македонија.

- **Останатите (други) расходи (конто 418)** се планирани во износ од 202.000 денари и со нив се опфатени: расходите за објавување на огласи, одлуки и информации за работењето на Агенцијата во дневните весници, расходи за набавка на стандарди од областа на поштенските услуги, трошоци за извршител при присилна наплата на доспеаните побарувања, расходи по основ на камати за задоцнето плаќање на обврските, како и други трошоци кои не се опфатени со останатите расходни конта. Планираниот износ на оваа расходна ставка е помал во однос на планираниот износ во

2023 година за 13,68%, како резултат помалиот износ на планирани трошоци за извршител при присилна наплата на доспеаните побарувања.

- **Средствата за опрема (конто 441)** се планирани во износ од 441.000 денари и тие вклучуваат: опремување на деловните простории на Агенцијата со мебел, компјутерска опрема и компјутерски софтвер за извршување на надлежностите и остварување на целите предвидени со Законот за поштенски услуги и Годишната програма за работа во 2024 година, а во насока на јакнење на институционалните капацитети на Агенцијата за пошти.

Планираниот износ на оваа расходна ставка е еднаков со планираниот износ во 2023 година.

- **Расходите за плати (конто 460)** се планирани во износ од 24.500.000 денари. Расходите за плати ги вклучуваат платите на Директорот и вработените во стручната служба на Агенцијата за пошти.

Планираниот износ на оваа расходна ставка е поголем во однос на планираниот износ во 2023 година за 6,52%, како резултат на зголемувањето на износот на минат труд вклучен во платите на вработените (0,5% за секоја година работен стаж), како и поради фактот што во текот на 2023 и 2024 година, согласно Годишните планови за вработување планирани се нови вработувања и унапредувања во рамките на Агенцијата. Исто така, зголемувањето на планираните расходи за плати е резултат и на измената на Колективниот договор на Агенцијата за пошти согласно измените на Општиот Колективен договор за јавниот сектор.

Притоа не се менува Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на основната плата на вработените во Агенцијата за пошти, која е одобрена од страна на Собранието на Република Македонија со Одлука бр. 08-1338/1 од 18.03.2015 година.

- **Расходите за даноци и придонеси кои не зависат од резултатот (конто 470)** се планирани во износ од 624.000 денари и истите вклучуваат расходи по основ на данок на личен доход за надоместоците кои се исплаќаат на Комисијата на Агенција за пошти, расходи по основ на данок на личен доход за надоместоците кои се исплаќаат на вработените согласно Колективниот договор и расходи за данок на личен доход по основ на договори за дело и други исплати. Планираниот износ на оваа расходна ставка е поголем од планираниот износ во 2023 година за 17,29%, како резултат на зголемените износи на надоместоците кои се исплаќаат на Комисијата на Агенција за пошти кои се пресметуваат врз основа на просечната месечна плата во Република Северна Македонија, а кои претставуваат даночна основа за пресметка на данокот на личен доход.

Врз основа на Споредбените показатели за планираните приходи и расходи може да се констатира дека за 2024 година Агенцијата за пошти со Финансискиот план предвидува реализација на вкупни приходи и вкупни трошоци во износ од 39.000.000 денари, износ кој е поголем во однос на планираниот износ за 2023 година за 5,41%.

Притоа, на страната на трошоците во Финансискиот план за 2024 година, во однос на планираните износи во Финансискиот план за 2023 година, може да се нотифицираат намалувања кај следниве расходните ставки:

- Конто 400 – Потрошени материјали за 4,76%,
- Конто 401 – Потрошена енергија за 22%,
- Конто 403 – Други услуги за 38,38%,
- Конто 405 – Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација за 44,44%,
- Конто 415 – Негативни курсни разлики за 50% и
- Конто 418 – Останати други расходи за 13,68%.

Во Финансискиот план за 2024 година, во однос на Финансискиот план за 2023 година, еднаков износ на страната на трошоците е планиран на следните расходните ставки:

- Конто 404 – Превозни – транспортни услуги,
- Конто 408 – Наемнини,
- Конто 410 – Провизија за платен промет,
- Конто 412 – Премии за осигурување,
- Конто 413 – Дневници за службени патувања и патни трошоци,
- Конто 414 – Надоместоци на трошоци на вработени,
- Конто 416 – Членарини и
- Конто 441 – Средства за опрема.

Во Финансискиот план за 2024 година, во однос на Финансискиот план за 2023 година, поголем износ на страната на трошоците е планиран на следните расходни ставки:

- Конто 417 – Интелектуални и други услуги за 19,88%, поради поголемиот планиран износ на расходните ставки за услуги за превод, услуги за истражување на пазарот како и надоместоците за

членовите на Комисијата кои се планирани во поголем износ поради фактот што истите се пресметуваат врз основа на просечната месечна плата во Република Северна Македонија,

- Конто 460 – Вкалкулирани плати за 6,52% како резултат на зголемувањето на износот на минат труд вклучен во платите на вработените (0,5% за секоја година работен стаж), како и поради фактот што во текот на 2023 и 2024 година, согласно Годишните планови за вработување планирани се нови вработувања и унапредувања во рамките на Агенцијата. Исто така, зголемувањето на планираните расходи за плати е резултат и на измената на Колективниот договор на Агенцијата за пошти согласно измените на Општиот Колективен договор за јавниот сектор, и
- Конто 470 – Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот за 17,29%, како резултат на зголемените износи на надоместоците кои се исплаќаат на Комисијата на Агенција за пошти, а кои се пресметуваат врз основа на просечната месечна плата во Република Северна Македонија.